**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 08.08.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3924 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радио-дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ - Куманово

3. **Датум на извршување на надзорот:** 08 август 2016 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши со цел да се констатира дали радиодифузерот ја исполнил обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми, односно дали на сопствената програма ги објавил податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година и дали до Агенцијата доставил снимка од објавата.

5. **Претходно изречена мерка:** Поради тоа што со редовниот административен надзор извршен на 21.07.2016 година (Писмен извештај бр.03-3707/1 од 21.07.2016 година) беше констатирано дека Трговското радио-дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ - Куманово не ја исполнило оваа обврска во предвидениот рок, Агенцијата донесе Решение за преземање мерка – опомена бр.03-391 од 29.07.2016 година.

6. **Констатации од надзорот:** На 05.08.2016 година, Трговското радио-дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ - Куманово во Агенцијата достави снимка од објавата на податоците, од која е видно дека овој радиодифузер **ја исполнил во целост** обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***